# ПЛАТФОРМА ЗА ОНЛАЈН ЧАСОВИ ВО ВИРТУЕЛНА СРЕДИНА TeachHoot.com

*Тошо Мицевски* [1], *Деан Живковски* [1]

[1] *Друштво за посредување во образованието и едукативните услуги Тичхут ДОО Скопје*

e-mail: toso.micevski@gmail.com, dean.zhivkovski@gmail.com

Потребата за приватни часови постоела отсекогаш, само нивната достапност претставувала и претставува тешкотија од социјален, финансиски и временски аспект. Ние, како луѓе кои и самите земале часови и давале часови на ученици, увидовме дека оваа ригидност што постои на пазарот за туторство може да се подобри и олесни со имплементација на интегриран централен онлајн систем. Овој систем би го променил начинот на давање и земање часови засекогаш. Ние сакаме да создадеме хаб на образование и пазар на туторство.

Нашата платформа би го револуционизира неискористениот пазар на интернет образование во Р. Македонија и во поширокиот регион. Тоа ќе им овозможи на многу ученици на брз, флексибилен и транспарентен начин да најдат соодветен тутор/ментор, кој ќе го следи нивниот академски напредок, а истовремено, професионалците кои го нудат своето знаење да можат да бидат полесно забележани и да ги пребродат територијалните бариери за давање часови.

Предавањата се одвиваат во живо и притоа како медијатор (посредник) е самата платформа. Платформата за оваа цел нуди online виртуелна училница која за време на предавањето ја делат (односно во неа се присутни) туторот и ученикот. Виртуелната училница содржи и аудио/видео конекција за обострана синхронизирана комуникација помеѓу ученикот и туторот. Сите делови од кои се состои виртуелната училница може да ги користат и двете страни додека трае предавањето, со што промената на нив (на пример исцртување линија на белата табла) се прикажува и кај двете страни, т.е. има колаборациска врска. Тука ученикот и туторот можат да разменуваат датотеки, прикачуваат позадини итн.